| | Листа на студиски програми |
|---|---|
| **Трет циклус на студии** (4 години, 240 ECTS) | **Физика** |
| | **Наука за животната средина** |
| | **Материјали** |
| | **Науката од карстот** |
| | **Молекуларна генетика и биотехнологија** |
| | **Културното наследство** [1,2] |
| | **Хуманистика** |
| | **Когнитивна наука за јазикот** |

1 Можност за **двојна докторска диплома** од Универзитетот IUAV во Венеција, Италија.
2 **Едногодишна програма за усовршување** (која се смета за „**магистерска програма од второ ниво**" во странство) Економија и техники за зачувување на архитектонското и еколошкото наследство **60 ECTS** исто така достапна, покривајќи ја областа за зачувување, планирање и управување со наследството; техники за зачувување на изграденото наследство, материјали и методологија; урбано и територијално зачувување; економија на културата; културни политики; културен туризам; закон за културно наследство и просторна правда. Едногодишната програма за усовршување ја спроведуваат универзитетот во Нова Горица и Универзитетот IUAV во Венеција.

## УНИВЕРЗИТЕТОТ И СВЕТСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ РАНГ

Round University Ranking system (RUR 2021):
UNG 169. место во светот
Извор: www.roundranking.com

ROUND UNIVERSITY RANKING

**"Најдовме мал, млад, активен и ентузијастички универзитет со среќни и задоволни студенти."**
*Комисија на меѓународна евалуација ЕУА-Европска Универзитетска организација (2015)*


UNIVERZA V NOVI GORICI
Vipavska cesta 13
Rožna Dolina
SI-5000 Nova Gorica, Slovenija
www.ung.si

СЛУЖБА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:
studentska.pisarna@ung.si
Контакт тел.: +386 5 33 15 234,
+386 5 90 99 717






**Назив:** Универзитетот во Нова Горица, Постигнете светла иднина, придружете ни се. ▪ **Уредник:** Veronika Piccinini ▪ **Јазик:** македонски ▪ **Превод:** Ангела Стојанова ▪ **Фото:** Arnela Karat ▪ **Издавач:** Univerza v Novi Gorici, Vipavska cesta 13, Rožna Dolina, Nova Gorica. ▪ **Подготовка и печатење:** A-media, d. o. o., Nova Gorica ▪ Бесплатна публикација ▪ **Објавено:** јануари 2022 година.


македонски



# Универзитетот во Нова Горица

## Постигнете светла иднина, придружете ни се.

## РАЗВИЈТЕ ГИ ВАШИТЕ ТАЛЕНТИ – ОВДЕ ЗАПОЧНЕТЕ СО ВАШАТА ПОТРАГА ЗА ЗНАЕЊЕ.

Универзитетот во Нова Горица е млад и динамичен универзитет кој се наоѓа во западна Словенија, на границата Италија, кој нуди одличен избор на студии во различни области – природни науки, инженерство, менаџмент, биотехнологија, хуманистички науки и уметности.

Ние ќе ви овозможиме да ги развивате своите таленти во стимулирачко академско опкружување со силна меѓународна ориентација и одлични можности за истражување, поддржувајќи меѓународни студенти и персонал од целиот свет.

## НАШИТЕ ПРЕДНОСТИ И ОБЛАСТИ НА ОДЛИЧНОСТ, ВАША ОДЛУКА.

- Исклучително високи образовни стандарди
- Интердисциплинарни и практично усмерени студиски програми
- Индивидуален пристап, мали студентски групи
- Големи шанси за вработување откако ќе дипломирате: 95 % вработени студенти (1 година после дипломирање) – податоци од ноември 2021 година)
- Можности студентите да учествуваат во истражуванје и многу други проекти
- Бесплатен курс по словенечки јазик како изборен предмет, претходно познавање на словенечки јазик не е потребно
- Учење и следење на студиите на далечина, хибриден начин на студии
- Студии кои се прилагодливи за професионалните спортисти
- Млад универзитетски град во привлечен подмедитерански регион на границата со Италија
- Државен систем на субвенционирана храна, бесплатен локален превоз во градот, можности за студентска работа ...

| Боја | Факултет |
|---|---|
| светлосина | **Факултет за инженерство и менаџмент** |
| сина | **Факултет за природни науки** |
| темнозелена | **Факултет за животната средина** |
| бордо | **Факултет за лозарство и винарство** |
| светлозелена | **Академија за уметности** |
| портокалова | **Факултет за хуманистика** |
| жолта | **Факултет за постдипломски студии** |

| | **Листа на студиски програми** | **Дали сте заинтересирани за ...** |
|---|---|---|
| **Прв циклус на студии** (3 години, 180 ECTS) | **Иженерство и менаџмент*** | - инженерство, менаџмент, економија, технологија, информатика<br>- соработка со индустријата, пракса, е-учење |
| | **Физика и астрофизика*** | - физика, астрофизика, астрономија, физика на цврста состојба, материјали и атмосферски истражувања<br>- студии засновани на истражување<br>- соработка со добро познати меѓународни астрофизички соработки |
| | **Животната средина*** | - заштита на животната средина, проценка на влијанието врз животната средина, влијанието на животната средина врз здравјето на луѓето, економијата на животната средина, законот за животна средина и комуникацијата<br>- истражување, теренска работа, проекти и тимска работа, пракса |
| | **Лозарство и винарство*** | - лозарство, енологија и маркетинг на вино<br>- практично ориентирани студии |
| | **Дигитални уметности и пракса** | - интердисциплинарна и интермедијална работа<br>- креативни проекти, меѓународни проекти, меѓународни размени и соработка<br>Насоки: Анимации, Видео филм, Фотографија, Нови медиуми |
| | **Културна историја*** | - културна историја, политичка историја, историја на идеи и идеологија.<br>- практиканти и студентски проекти како можност да се добие важно работно искуство |
| | **Словенистика*** | - словенечки јазик и лингвистика<br>- литература, книжевна теорија и методологија<br>- историја на словеначкиот јазик, култура |
| **Втор циклус на студии** (2 години, 120 ECTS) | **Иженерство и менаџмент*** | - надградување на знаењето за инженерство, технологија, менаџмент, економија и информатика<br>- интердисциплинарни студии фокусирани на решавање на проблеми |
| | **Лидерство во отворено образование** | - зајакнување на лидерите во отворено образование со интердисциплинарно знаење потребно за дизајнирање, имплементација и управување со отворено образование<br>- спроведено делумно преку Интернет со меѓународен тим на експерти |
| | **Физика и астрофизика** | - стекнување на длабоко знаење за астрофизика и физика на цврста состојба<br>- истражувачка работа, работа во меѓународно опкружување, учество во меѓународни соработки<br>Модули: Астрофизика, физика на цврста состојба |
| | **Наука за материјалите** | - интердисциплинарен и истражувачки ориентиран програм<br>- програм дизајниран во соработка со Националниот институт за хемија и Институтот Јожеф Стефан<br>- области на физика и хемија на материјали, карактеризација на материјали, технологија на материјали, развој на иновативни производи и услуги, вклучително и заштита на интелектуална сопственост |
| | **Животната средина** | - надоградување на знаењето за заштита на животната средина, влијанието на животната средина врз здравјето на луѓето, економијата на животната средина, еколошко право<br>- истражување, теренска работа, проекти и тимска работа, пракса |
| | **Лозарство и винарство** | - интердисциплинарно ориентиран студиски програм<br>- надградување на знаењето за управување и нови и напредни принципи во лозарството и енологијата, што би било еколошки и кои се потребни за решавање на тековните стручни, практични, како и научни теми во лозјето и винарската визба |
| | **Медиумски уметности и пракса** | - Насоки: Анимации, Видео филм, Фотографија, Нови медиуми, Сценографски студија<br>- меѓународни студии во стимулирачко опкружување |
| | **Словенистика*** | - Наука за литературата: словенечка литература, литература на малцинствата и малцинските народи, родови студии<br>- Лингвистика: јазик, формална лингвистика, применета лингвистика, интердисциплинарна лингвистика, можност за двојна диплома со Универзитетот Ca' Foscari – Венеција, Италија |
| | **Миграции и меѓукултурни односи** (европска магистер – Еразмус Мундус студиска програма) | - студии миграција, историка, политички науки, друштвени науки, антропологија, едукација<br>- заеднички програми кои ги водат партнерските универзитети во Европа и Африка<br>- студијски план: 1 семестар на Универзитетот во Олденбург, Германија, 2. семестар на Универзитетот во Ставангеру, Норвешка, 3. и 4. семестар на било кој партнерски универзитет по ваш избор.<br>- можност за стипендирање специфични рокови за пријава Повеќе информации на: www.emmir.org |

**НЕМА ШКОЛАРИНА** за граѓаните на земјите-членки на ЕУ, Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово. За редни студии на студијските програми од I. и II. циклуси обележани со *. За повеќе информации за други исклучоци, проверете **www.ung.si**.